Министерство за животна средина и просторно планирање Државниот инспекторат за животна средина преку Државен инспектор за животна средина Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Друштво за трговија експорт - импорт ИВАЛ ТРЕЈД ДОО Штип застапувано од Валентина Трајковска Кашуба со Записник бр.Ип1-29-178 од 20.02.2026 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 117 став 1 („Службен весник на Република Македонија" бр. 216/21 и 3/25) и член27 став1 алинеа 2 од Закон за инспекциски надзор во животната средина(Сл.весник на РСМ број 99/2022годи3/2025) донесе:

## РЕШЕНИЕ

1)**СЕ ЗАБРАНУВА** на правниот субјект Друштво за трговија експорт - импорт ИВАЛ ТРЕЈД ДОО Штип вршење на транспорт на опасен отпад без Дозвола за собирање и транспорт на опасен отпад издадена од МЖСПП.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 1 на ова Решение, изнесува **30(триесет)** дена од ден на прием на решението.

2)**СЕ ЗАДОЛЖУВА** правниот субјект Друштво за трговија експорт - импорт ИВАЛ ТРЕЈД ДОО Штип - Да иврши мониторинг согласно дозволата за управување со отпад.

Рокот за извршување на изречената инспекциска мерка од точка 2 на оваРрешение, изнесува **30(триесет)**дена од ден на прием на решението.

1) Субјектот на инспекциски надзор од точка 1 и 2 на ова решение, е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена, писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

## Образложение

Државниот инспекторат за животна средина врз основа на член 116 став 1 од Закон за управување со отпад (Службен весник на Република Северна Македонија бр.216/2021 и 3/25) преку државен инспектор Зоран Стојнев, со службена легитимација број 06-0023, изврши вонреде инспекциски надзор над субјектот на инспекцискиот надзор Друштво за трговија експорт импорт ИВАЛ ТРЕЈД ДОО Штип и со Записник бр.Ип1-29-178 од 20.02.2026 година, ја утврди фактичката состојба:

Извршен е вонреден инспекциски надзор во правниот субјект Друштво за трговија експорт импорт ИВАЛ ТРЕЈД ДОО Штип. Од Надзорот е констатирано ,извршен е вонреден

инспекциски надзор во правниот субјект Друштво за трговија експорт импорт ИВАЛ ТРЕЈД ДОО Штип по изаден Наредба за вонреден инспекциски надзор од Директоро на Државниот инспекторат за животна средина, а по препраќање на надлежност за вршење на вонреден инспекиски надзор од страна на Општина Штип . Од направениот увид е констатирано дека гореспоменатиот правен субјект врши дејност собирање,складирање на отпадни акомулатори и батерии и нивно предавање на Таб Мак Доо Пробиштип. Од доставените транспортени и идентификациони формулари за отпад (отпдни акумулатори) –поседувач Ивал Трејд Доо Штип –собирач /транспортер Балекс Доо Штип- кој не поседува Дозвола за транспорт за опасен отпад на увид доставија само прилог на одобрение број 00229/2 класи на опасни материи што може да се превезуваат за сите класи за кои е дозволен превоз на пакувани производи според АДР освен за оние за кои се применуваат одредбите од точките 9.4и 9.5 и 9.6 од АДР со кој Ивал Трејд има склучено Договор за превоз на опасен отпад ,краен поседувач на на отпадот Таб Мак Доо Пробиштип од 04.02.2026 год. Одговорното лице изјави дека не е правено мониторинг согласно Дозволата за за управување со отпд со број Уп 1 – 11/2 – 822/2022 од 14.06.2022 год.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 116 став 1 од Законот за управувањењ со отпад и член117 став 1 од Законот за управување со отпад се донесе Решение како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка, во рок од 15 дена од приемот на решението.

**Решено во Државниот инспекторат за животна средина под број Ип1-29-178 од 20.02.2026**

**М.П.**

Државен инспектор за животна средина

**Зоран Стојнев**

-----------------------------------------------------------

со службена легитимација

број 06-0023 од 29.05.2025год.